# ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ул.„Маршал Тито“ бр.62, тел./факс +389 34 222 333

Наш број 09 – 1980/2 од 02.12.2020 год. Ваш број

Записник

од првата сесија на буџетскиот форум во општина Богданци за 2020 година одржана на 02.12.2019 год.

Седницата е одржана во просториите на ЈОУ Дом на култура „Бранд Петрушев“ во општина Богданци со почеток во 18.00 часот

Учесници на форумот:присутни граѓани
Вкупно присутни: 24 лица

Дневен ред:

1. Реализација на буџетот за 2019 година
2. Претставување на програми и предлог буџетот на општина Богданци за 2020 година

Содржина на сесијата

Сесијата ја отвори и водеше Симона Савиќ и ги запозна присутните со предложениот дневен ред., беше претставен целокупниот буџетски процес сите активности кои општинската администрација согласно законските прописи ги превзема при подготвување и донесување на буџетот на општината.

Збор зема Градоначалникот на Општина кој даде детален отчет за реализираниот буџет на Општина Богданци за 2019 година, реализираните програми и проекти и сите превземени активности за во наредниот период. Како проблем на локално ниво посочи дека општина Богданци располага со недоволна инфраструктура, дека во 2020 година ќе вложуваме во подобрување на патната инфраструктура низ општината.

Понатаму сесијата продолжи со претставување на:

- Развојните Програми во буџетот за 2020 година и
- Тековните програми за работа на општина Богданци за 2020 година

Форумската сесија продолжи со поединечно претставување на програми за 2020 година од страна на вработените во општина Богданци.

Раководителот на одд. За локален економски развој – Митко Влахов ја претстави/образложи програмата за Локален економски развој за 2020 година

Најпрво посочи дека со Програмата се предвидува реализација на следните конкретни активности:

- Изградба и реконструкција на улици во Богданци
- Изградба и реконструкција на улици во Стојаково
- Изградба и реконструкција на улица Македонска во Селемли
- Изработка на техничка документација за Изградба на водоводна мрежа за водоснабдување на Богданци

- Зајакнување на општинските совети
- Подготовка за учество на повици за предлог проекти (по повици на меѓународни и домашни организации и институции)

Вкупно предвидените средства за реализација на Програмата изнесуваат 29.094.957,00 денари и се по активности согласно презентираната табела:

| Активност | Износ Средства во денари | | |
|---|---|---|---|
| | Општинск и буџет | Друг извор | Вкупно |
| 1. Изградба и реконструкција на улици во Богданци | 00,00 | 14.600.000,00 | 14.600.000,00 |
| 2. Изградба и реконструкција на улици во Стојаково | 1.000.000,00 | 3.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| 3. Изградба и реконструкција на улица Македонска во Селемли | 500.000,00 | 500.000,00 | 1.000.000,00 |
| 4. Изработка на техничка документација за Изградба на водоводна мрежа за водоснабдување на Богданци | 1.850.000,00 | 1.650.000,00 | 3.500.000,00 |
| 5. Зајакнување на општинските совети | 123.000,00 | 3.471.957,00 | 3.594.957,00 |
| 6. Подготовка за учество на повици за предлог проекти (по повици на меѓународни и домашни организации и институции) | 2.000.000,00 | 00,00 | 2.000.000,00 |
| 7. Други активности<br>7.1 Учество на стручни обуки, тренинзи, семинари, работилници, конференции | 400.000,00 | 00,00 | 400.000,00 |

Потоа пристапи кон поединечно објаснување на секоја активност.

1. Изградба и реконструкција на улици во Богданци / Состојбата со улиците во Богданци е многу лоша. Општината има подготвено техничка документација за оваа намена за повеќе улици. Во моментот од страна на проектната единица при МТВ се прифатени неколку технички проекти за финансирање во прва фаза, и тоа за улиците Мирка Гинова, Мирче Џочков, Браќа Миладиновци, Кочо Рацин, Ѓуров Дол, 10 Октомври . Оваа активност преставува конкретно подобрување на квалитетот на живот за жителите на Богданци. На реакција од присутните дека улицата Крушевска заслужува посебно внимание за реконструкција заради големината и поврзувањето со другите улици и основното училиште и со деловни субјекти и други содржини, спортска сала, земјоделски површини, регионален пат и слично, М. Влахов рече дека за истата постои техничка документација ( потребни се некои појаснувања и доработка), истата е веќе доставена до МТВ, се разговараше со проектната единица за нејзино финансирање и истата е земена во предвид за финансирање во следниот период односно за следниот тендер.
2. Изградба и реконструкција на улици во Стојаково / Планираните проектни активности се однесуваат на реконструкција на улиците:Карпошева, Дваесетпетмина,Леонид Јанков и Јане Сандански.Изведбата на улиците се планира да биде со бекатон плочки со вградување на бекатон рабници од страна.Реализацијата на проектот ќе обезбеди - олеснување на локалната комуникација на населението, подобрување на пристапот на земјоделците до нивните ниви, безбедност во сообраќајот и за пешаците, подобрување на квалитетот на животот - задоволување на разните социјални, рекреативни и резиденцијални потреби на граѓаните во локалните заедници. Извор на средства БРР и сопствено учество.
3. Изградба и реконструкција на улица Македонска во Селемли / Состојбата со улиците во Селемли по последните проектни активности е значително подобрена . Решение се изнајде за скоро 90% од улиците. Со овој проектот се предвидува реконструкција на една улица во село Селемли, Македонска која е лоцирана на влезот во селото од левата страна. Изведбата на улиците се планира да биде со асфалт со вградување на улични рабници од страна. Извор на средства БРР и сопствено учество.
4. Изработка на техничка документација за Изградба на водоводна мрежа за водоснабдување на Богданци / во рамки на УНДП / СИДА Проект: Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти – Фонд за техничка документација

5. Зајакнување на општинските совети / УНДП / СДЦ, Јакнење преку развивање на капацитетите на членовите на Советот на општините врз основа на традиционални и иновативни методологии;Зајакнување на советите на општините преку финансиска поддршка (мали грантови) за приоритетни активности на општините што се избрани врз основа на јавни консултацииЗајакнување преку вмрежување, кодификација, институционализација и одржливост
6. Подготовка за учество на повици за предлог проекти / Планирање на Сопствено учество на Општина Богданци за реализација на проекти, по повици на меѓународни и домашни организации и институции

На крај Митко Влахов уште еднаш потсети дека сите предлози за активности во оваа програма се црпат од Стратешките документи за локален развој кои се изготвени со партиципација на сите заинтересирани страни но сепак се користи и оваа алатка, форумот за да се добие поголем легитимитет од граѓаните за реализација на конкретни проекти.

Раководителот на одделението за човечки ресурси Венера Зелева ги образложи предлог програмите

- Програма за финансирање на спортските активности во општина Богданци во 2020 година
- Програма за мерките и активностите на општина Богданци во социјалната заштита
- Програма за финансирање на културните активности

Од страна на Елена Шутарова се разви дискусија во делот на детско катче односно изградба на забавен детски парк со поставена урбана опрема за најмалите жители на општина Богданци со предлог да се стави во буџетот за 2020 година.

Раководителот на одделението за урбанизам, комунални дејности и животна средина Соња Маџирова ги образложи програмите за:

- Програма за уредување на градежно земјиште во општина Богданци за 2020 година
- Програма за изработување на урбанистички планови во Општина Богданци за 2020 година
- Програма за изградба , реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2020 година

| | | |
|---|---|---|
| Програма за изградба на улици | Сообраќајна сигнализација | 800.000,00 |
| | Чистење, тампонирање и поставување на бехатон со набавка, транспорт и поставување на улични бетонски рабници на паркинг на ул.Нако Вардарски во површина од 650м2 | 1.000.000,00 |
| | чистење, тампонирање и бетонирање на дел од ул.Васил Главинов од 403 м2 | 299.590,00 |
| | Реконструкција на ул.Осоговски | 2.766.445,00 |
| | Реконструкција на ул.Луда Мара | 2.712.945,00 |
| | Реконструкција на ул.Братство единство | 1.602.314,00 |
| | Крпење на асфалт(дупки) | 600.000,00 |
| | Чистење, тампонирање и поставување на бехатон со набавка, транспорт и поставување на ул.бетонски рабници на тротоар на дел од ул.Гоне Каракабаков во Стојаково во површина од 140м2 | 118.944,00 |
| | Чистење и тампонирање на споредна улица во Ѓавото од 390+246м2 | 472.803,00 |
| | Вкупно | 9.573.041,00 |

- По однос на програма за улици дискусијата се разви во правец дека приотет во општина Богданци треба да се даде на неасфалтираните улици.

Од страна на Ристо Станковски беше укажано дека е потребна поголема агилност на комуналниот инспектор во општината.

Зеде збор Градоначалникот на општина Богданци и објасни дека Генералниот урбанистички план е во процедура подолго време и економскиот оператор доцни со исполнување на роковите. А во однос на урбанистичките планови за селата ја образложи процедурата за донесување на истите и до каде е истата исполнета.

На првата форумска сесија присутните граѓани беа распоредени по работни маси каде секоја работна маса учествуваше со свои предлози во буџетот на општната.

На самата сесија се формирана работна група со по еден член од секоја работна маса која има за задача да ги разгледа картичките и предлозите од работните групи и да направи Извештај за истата.

Од седницата произлегоа следните заклучоци кои треба да се вметнат во плановите:

1. Да се состане работната група и да направи Извештај од форумската сесија
2. Втората форумска сесија се закажува за 16.12.2019 година.

Дата
02.12.2020 год.

Записничар
Симона Савиќ
Савиќ С

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Градоначалник
ОПШТИНА БОГДАНЦИ